РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2017 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 3

Број на работници во индустријата ... 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 5

Инфлација ... 6

Берзански цени ... 7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ... 8

Увоз ... 9

Салдо на трговска размена ... 10

Валутна структура ... 10

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ... 11

Приходи по буџетски корисници ... 12

Буџетски расходи според економската класификација ... 13

Расходи по буџетски корисници ... 14

Буџетско салдо ... 16

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 16

Плати ... 17

Пензии ... 18

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 19

Депозитен потенцијал ... 19

Кредити на банките ... 20

Каматни стапки на депозитни банки ... 20

Пазар на капитал ... 21

Девизни резерви ... 21

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

јуни, 2017 година

- Индустриското производство во јуни 2017 година во споредба со јуни 2016 година забележа раст од 4,0%;

- Потрошувачките цени во јуни 2017 година се зголемија за 1,5% во однос на јуни 2016 година, по годишниот раст од 1,2% во мај 2017 година;

- Во периодот јануари – јуни 2017 година извозот забележа раст од 16,4%, а увозот од 11,4%, што резултираше со намалување на трговскиот дефицит за 0,3%, споредено со истиот период во 2016 година;

- Вкупните приходи на Буџетот во првата половина од 2017 година изнесуваа 86.368 милиони денари, односно 13,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,3% во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните расходи на Буџетот во првата половина од 2017 година изнесуваа 94.674 милиони денари, односно 15,0% од БДП, што претставува поголемо остварување за 6,4% во однос на истиот период од 2016 година;

- Вкупните кредити на банките во јуни 2017 година се зголемија за 4,4% во споредба со јуни 2016 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,6%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јуни 2017 година индустриското производство забележа раст од 4,0% во споредба со јуни 2016 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 18,7%, Рударство и вадење камен од 7,5% и Преработувачка индустрија од 2,4%.

Графикон 1.1. Индустриско производство; Извор: ДЗС




Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во јуни 2017 година има гранката Производство на машини и уреди неспомнати на друго место (3,4 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на метали (-1,5 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во првото полугодие од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година забележа раст од 1,2%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 12,7%, како и Преработувачка индустрија и Рударство и вадење камен од по 0,2%.

Графикон 1.2. Придонес на секторите на индустриското производство; Извор: ДЗС




Податоците за индустриското производство по наменски групи во јуни 2017 година во однос на јуни 2016 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Енергија од 27,0%, Капитални производи од 20,7% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,9%. Намалување на производството е забележано кај групите Трајни производи за широка потрошувачка од 26,5% и Интермедијарни производи, освен енергија од 3,2%.

На кумулативна основа, во првото полугодие од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст е забележан кај групите: Енергија од 9,5%, Капитални производи од 7,1% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,9%. Пад на производството е забележан кај групите Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,9%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во јуни 2017 година забележа раст од 2,4%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 2,8%, додека во секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација и Рударство и вадење камен е забележан пад од по 0,5%.

Графикон 1.3. Стапка на раст на бројот на работници и продуктивноста во индустријата; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првото полугодие од 2017 во споредба со истиот период во 2016 година е зголемен за 0,8%. Раст е забележан во секторите Преработувачка индустрија од 0,9% и Рударство и вадење камен од 0,3%, додека бројот на работници во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација бележи намалување од 0,5%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јуни 2017 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 15,8%, Интермедијарни производи, освен енергија од 6,2%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,5% и Енергија од 0,7%. Пад е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,6%.

На кумулативна основа, во првото полугодие од 2017 година во однос на истиот период во 2016 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 9,3%, Трајни производи за широка потрошувачка од 4,3%, Интермедијарни производи, освен енергија од 3,1% и Енергија од 0,7%. Намалување на бројот на работници е забележан единствено во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,7%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во јуни 2017 година е поповолна во однос на мај 2017 година, како и во однос на истиот месец претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во јуни изнесува 64,9%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец, кога изнесувало 64,0%. Споредено со јуни 2016 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 0,3 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во јуни 2017 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 22,4%, недостигот на квалификувана работна сила со 19,0%, недоволната домашна

побарувачка со 18,7%, неизвесното економско окружување со 11,3%, финансиските проблеми со 9,5% и конкурентниот увоз со 7,2%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во јуни 2017 година во однос на мај 2017 година е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечно ниво се зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2017 година издадени се вкупно 230 одобренија за градење, што претставува намалување од 16,1% на годишна основа. Споредено со мај 2017 година, кога биле издадени 241 одобрение, бројот на издадени одобренија за градење бележи пад од 4,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2017 година во однос на истиот месец претходната година се намалила за 13,6%. Споредено со претходниот месец, вредноста на објектите се зголемила за 3,3%.

Графикон 1.4. Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на работите; Извор: ДЗС




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 158 (или 68,7%) се наменети за објекти од високоградба, 19 (или 8,3%) за објекти од нискоградба и 53 (или 23,0%) за објекти за реконструкција.

Графикон 1.5. Број на издадени одобренија за градење по региони, во јуни 2017 година; Извор: ДЗС




Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 230 издадени одобренија за градба, на 155 објекти (или 67,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 75 објекти (или 32,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Во јуни 2017 година предвидена е изградба на 927 стана, со вкупна корисна површина од 68.433 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечна основа е намален за 14,0%, а во однос на јуни 2016 година е зголемен за 8,2%.

## Инфлација

Потрошувачките цени во јуни 2017 година се зголемија за 1,5% во однос на јуни 2016 година, по годишниот раст од 1,2% во мај 2017 година. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари-јуни 2017 година изнесува 0,9%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во јуни забележа годишен раст на цените од 1,1%, при што највисок раст имаа цените на зеленчукот (за 7,9%) и кафе,чај и какао (за 6,5%).

Графикон 1.6. Стапка на инфлација; Извор: ДЗС




Највисок годишен раст на цените во јуни 2017 година е забележан во категоријата Комуникации од 9,7%, следена со порастот на цените во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,6%, Ресторани и хотели од 5,1%, Транспорт од 2,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Облека и обувки од 0,5% и Рекреација и култура од 0,2%.

Годишен пад на цените во јуни е регистриран во категориите: Здравје и Останати стоки и услуги од по 0,8%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,5%, и Образование од 0,3%.

Графикон 1.7. Придонеси кон годишната стапка на инфлација (во п.п.); Извор: Пресметки на МФ врз основа на податоци од ДЗС




Потрошувачките цени во јуни 2017 година се зголемија за 0,3% во однос на претходниот месец. Раст на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 3,6%, Ресторани и хотели од 0,8%, Рекреација и култура 0,7%, Транспорт од 0,5% и Храна и безалкохолни пијалаци од 0,2%.

Намалување на цените е забележано во категориите: Здравје од 0,3%, Комуникации и Облека и обувки од по 0,2% и Останати стоки и услуги од 0,5%, додека цените во категориите Образование, Домување, вода, електрика, гас и други горива и Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина останаа непроменети.

Цените на мало во јуни 2017 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 2,9%, а на месечна основа цените на мало се зголемија за 0,5%. Цените на мало во периодот јануари-јуни 2017 година се повисоки за 2,2%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во јуни 2017 година споредено со мај 2017 година се намали за 7,8% и изнесуваше 46,9 долари за барел. Во однос на истиот месец 2016 година, цената на нафтата бележи пад од 3,3%. Цената на природниот гас во јуни се намали за 2,8% на месечна основа.

Графикон 1.8. Сурова нафта (Brent) - Цена и стапка на раст; Извор: Светска банка и пресметки на МФ




Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ, во јуни 2017 година се тргуваше со просечна цена од 8.932 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи пад на цената од 2,4%. Споредено со јуни 2016 година, цената на никелот остана речеси непроменета. Покрај никелот, месечно намалување на цената во јуни забележаа и некои од останатите основни метали. Така, цената на калајот се намали за 2,7%, на алуминиумот за 1,4% и на цинкот за 0,6%. Бакарот и оловото во јуни 2017 година бележат зголемување на цената на месечна основа од 2,1% и 0,4% соодветно.

Графикон 1.9. Берзански цени на метали, во долари; Извор: Светска банка



Кај благородните метали, месечно зголемување на цената во јуни 2017 година е забележано кај златото и среброто, од по 1,1%, а цената на платината во јуни во споредба со мај 2017 година остана непроменета.

Цената на пченицата на светските берзи во јуни се зголеми за 5,1% на месечно ниво, додека цената на пченката бележи пад од 0,4%. Цената на јагнешкото месо во јуни, во однос на претходниот месец се намали за 0,5%.

# 2. НАДВОРЕШНО ТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешно трговска размена во првата половина од 2017 година изнесува 5.619,0 милиони евра, што претставува раст од 13,4% во однос на истиот период минатата година.

Графикон 2.1 Надворешна трговија во периодот јануари - јуни во 2016 и 2017 година; Извор: ДЗС




Во периодот јануари – јуни 2017 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,0%, што претставува намалување од 0,8 п.п. во однос на истиот период претходната година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јуни 2017 година изнесува 2.373,5 милиони евра и бележи раст од 16,4% (334,0 милиони евра) во однос на истиот период во 2016 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 16,4%.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2017 година изнесува 406,8 милиони евра и бележи раст од 22,4% (74,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се зголеми за 3,9%.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2017 година извозот бележи пад од 5,6% (24,1 милион евра) во однос на претходниот месец.

Графикон 2.2 Структура на извозот по СМТК, во периодот јануари - јуни 2017 година; Извор: ДЗС




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари – јуни 2017 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 49,2% од вкупниот

извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – јуни 2017 година споредено со истиот период од 2016 година, извозот бележи раст кај сите групации и тоа: ЕУ 28, ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи раст на годишно ниво од 16,9%, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 9,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 81,4% и 11,2% соодветно.

Графикон 2.3 Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-VI-2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – јуни 2017 година изнесува 3.245,5 милиони евра и бележи раст од 11,4% (331,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2016 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 6,1%.

Вредноста на увозот во јуни 2017 година изнесува 526,1 милион евра, што претставува раст од 5,8% (28,9 милиони евра) во однос на истиот месец од 2016 година, а увезените количини стоки се намалени за 7,4%.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2017 година увозот бележи пад од 13,6% (82,9 милиони евра) во однос на претходниот месец.

Графикон 2.4 Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-VI-2017 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ




Табела 2.1 Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2016 | I - VI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 34,7 | 51,2 | 16,5 | 47,6 |
| Мил. ЕУР | 13,3 | 21,6 | 8,3 | 62,6 |
| Мил.$ | 14,9 | 23,4 | 8,6 | 57,5 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2016 | I - VI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 494,5 | 491,6 | -2,9 | -0,6 |
| Мил. ЕУР | 161,6 | 206,7 | 45,1 | 27,9 |
| Мил.$ | 180,6 | 223,6 | 43,1 | 23,8 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2016 | I - VI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 7,4 | 23,9 | 16,6 | 225,4 |
| Мил. ЕУР | 433,9 | 516,3 | 82,3 | 19,0 |
| Мил.$ | 484,9 | 560,9 | 76,0 | 15,7 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2016 | I - VI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 14,0 | 14,2 | 0,2 | 1,1 |
| Мил. ЕУР | 85,0 | 90,4 | 5,4 | 6,4 |
| Мил.$ | 94,9 | 97,9 | 3,0 | 3,2 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2016 | I - VI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 291,1 | 339,8 | 48,7 | 16,7 |
| Мил. ЕУР | 184,1 | 223,1 | 39,0 | 21,2 |
| Мил.$ | 205,7 | 242,4 | 36,7 | 17,8 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - VI - 2016 | I - VI - 2017 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 392,2 | 276,6 | -115,6 | -29,5 |
| Мил. ЕУР | 151,5 | 143,2 | -8,3 | -5,5 |
| Мил.$ | 169,1 | 155,7 | -13,5 | -8,0 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите шест месеци од 2017 година, трговскиот дефицит се намали за 0,3% односно 2,8 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во јуни 2017 година трговскиот дефицит се намали за 27,7% односно 45,6 милиони евра споредено со јуни 2016 година.

Графикон 2.5 Надворешно трговска размена на РМ (во милиони евра); Извор: ДЗС




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат од стеснувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и проширувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон зголемување на дефицитот дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива и храна и пијалаци, како и стеснувањето на позитивното салдо во размената со стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – јуни 2017 година 86,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција, Кина и Србија, а потоа следуваат: Турција, Јужна Африка, Италија, Русија, САД, Полска и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Бугарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 87,0% од трговската размена во периодот јануари – јуни 2017 година е реализирана во евра и е на исто ниво споредено со првата половина од 2016 година. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,6% и 82,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е на исто ниво во однос на периодот јануари – јуни 2016 година, додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 0,2 п.п..

Табела 2.2 Надворешна трговска размена на Република Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2016 | | | | | I - VI - 2017 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2,065.2 | 2,418,422,819 | 61.6830 | 149,175,574,767 | 83.0 | 2,023.4 | 2,687,919,880 | 61.6020 | 165,581,240,478 | 82.8 | 269,497,061 | 11.1 |
| УСД | 724.1 | 518,853,389 | 55.3178 | 28,701,827,976 | 16.0 | 937.8 | 574,903,325 | 56.9744 | 32,754,771,976 | 16.4 | 56,049,936 | 10.8 |
| ГБП | 2.7 | 9,137,897 | 79.3511 | 725,102,140 | 0.4 | 2.3 | 10,133,286 | 71.6367 | 725,915,183 | 0.4 | 995,390 | 10.9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 2,792.0 | | | 178,602,504,882 | 98.9 | 2,963.5 | | | 199,061,927,637 | 99.6 | | |
| вк извоз: | 2,799.9 | | | 179,773,199,860 | 100.0 | 2,970.4 | | | 199,947,002,101 | 100.0 | | 11.2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2017 година изнесуваа 86.368 милиони денари, односно 13,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 5,3% во однос на истиот период од 2016 година.

Даночните приходи во првото полугодие се реализирани во износ од 50.637 милиони денари, односно 8,0% од БДП и во однос на истиот период 2016 година се зголемени за 4,6%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 23.388 милиони денари, што претставува намалување за 0,6% во однос на минатата година, со доминантно учеството во вкупните даночни приходи од 46,2%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 32.950 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 9.563 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 4,5%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 19,3% споредено со истиот период 2016 година што претставува значително зголемување). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележува поголемо остварување за 11,5% додека ДДВ од прометот во земјата забележа намалување од 7,0%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележа поголемо остварување за 54,8%.

Акцизите се остварени во износ од 10.447 милиони денари (учество од 20,6% во даночните приходи), што претставува зголемување од 4,3%. Така, од овие два индиректни данока се остварени приходи од 33.835 милиони денари, односно 66,8% од вкупните даночни приходи во првата половина од 2017 година.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 7.181 милион денари и забележуваат раст од 9,9% на годишна основа, при што 2/3, односно 64,9% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 8,9% од приходи од капитал, 7,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,2% од приходи по основ на договор на дело, 3,5% од приходи од имот и имотни права и 1,6% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој шестмесечен период на 2017 година изнесуваа 6.925 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 20,7% во однос на истиот период претходната година, што е главно резултат на данокот наплатен по основ на месечни аконтации (зголемување од 27,7%), дивиденда и друга распределба (зголемување од 161,8%) и на задржаниот данок за странски правни лица

(зголемување од 179,2%), додека намалување бележат доплатите по даночни биланси (намалување од 6,2%).

Приходите од царина беа остварени во износ од 2.507 милиони денари и забележаа зголемување од 8,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 189 милиони денари забележаа помало остварување за 35,1% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 25.466 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,9% споредено со истиот период од 2016 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 6,0%, кај придонесите за вработување за 6,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 5,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 6.969 милиони денари и во однос на истиот период во 2016 година забележаа поголемо остварување од 16,6% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 359 милиони денари, што претставува намалување од 59,6% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.162 милиона денари, односно за 24,3% повеќе во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата и во периодот јануари-јуни 2017 година тие изнесуваат 60,6 милијарди денари, односно 90,5% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 39,2% од годишниот план на овој буџетски корисник.

Графикон 3.2. Структура на приходите на Министерството за финансии - функции на државата за I-VI 2017 година (во %); Извор: МФ




Во рамки на Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 82,8% од вкупните приходи и приливи на овој буџетски корисник, при што нивната наплата до јуни достигна 47,2% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување во овој период изнесува 5,3 милијарди денари, што претставува 8,8% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Следен буџетски корисник со најголеми приходи и прилив на средства е Министерството за транспорт и врски, чии приходи изнесуваат 1,6 милијарди

денари, односно 2,4% од приходите и приливите на сите буџетски корисници, а претставуваат приходи од заеми, односно се остварени во вид на задолжување од странство. Министерството за образование и наука има остварено приходи во износ од 1,4 милијарди денари, односно 2,1% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ, односно 85,5% претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци. Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 4,9% од вкупните приходи и приливи. *Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (http://www.finance.gov.mk/mk/node/693).*

Во однос на буџетските фондови, најмногу приходи остварува Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, кои во периодот јануари-јуни 2017 година изнесуваат 31,6 милијарди денари и претставуваат 49,5% од годишниот план на Фондот.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – јуни 2017 година изнесуваа 94.674 милиони денари, односно 15,0% од БДП, што е за 6,4% повеќе во однос на истиот период 2016 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 85.990 милиони денари учествуваа со 90,8% (13,7% од БДП) и се зголемени за 3,8% во однос на истиот период лани.

Графикон 3.3 Одделни категории расходи (во милиони денари); Извор: МФ




Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 13.143 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,9% и во однос на 2016 година се зголемени за 2,2%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 7.169 милиони денари и споредено со истиот период од 2016 година забележаа намалување од 4,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 63.338 милиони денари (10,1% од БДП). Средствата за трансфери забележаа поголема реализација за 5,5% споредено со истиот период во 2016 година и истите учествуваа со 66,9% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 46.694 милиони денари, забележаа раст од 5,4% и учествуваа со 49,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 28.679 милиони денари, што е зголемување за 5,0% споредено со истиот шестмесечен период од 2016 година и учествуваат со

30,3% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,8%, односно забележаа поголема реализација за 4,8%. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 7.565 милиони денари забележаа зголемување од 0,7%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите беа остварени за 9,1% повеќе.

Каматните расходи изнесуваат 2.340 милиони денари, што е помалку за 0,6% во споредба со истиот период во 2016 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа зголемени за 7,1%, додека каматите од странско задолжување беа намалени за 9,3%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 8.684 милиони денари со структурно учество од 9,2% во вкупните расходи (1,4% учество во БДП), односно забележаа поголема реализација за 41,4% во споредба со истиот период лани.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет претставува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Графикон 3.4. Структура на расходите по буџетски корисници за I-VI 2017 година (во %); Извор : МФ




Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари – јуни 2017 година реализираше 20,7 милијарди денари или 50,0% од вкупниот буџет за 2017 година. Притоа, најголем дел (73,9%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 15,3 милијарди денари или 50,7% од средствата наменети за 2017 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 18,4% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 48,4% (3,8 милијарди денари) од планираните за 2017 година.

Министерството за образование и наука во периодот јануари – јуни 2017 година изврши буџетски средства во износ од 11,2 милијарди денари, што е 44,6% од вкупниот буџет за 2017 година. Најголем дел од расходите (58,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 6,6 милијарди денари или 50,6% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 14,7%, за што се потрошени 1,64 милијарди денари, односно 47,8% од вкупно предвидените. За стоки и услуги (кои учествуваат со 14,2% во вкупните расходи) реализирани се 1,6 милијарди денари, што претставува 36,9% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – јуни 2017 година, преку разделот Министерство за

финансии - функции на држава[1] реализирани се 11,3 милијарди денари, што претставува 28,8% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 41,7% отпаѓаат на отплата на главнина, за што во периодот јануари – јуни 2017 година потрошени се 4,7 милијарди денари, односно 25,8% од средствата планирани за оваа намена во 2017 година. По однос на каматни плаќања отпаѓаат 20,7% од вкупните расходи, за што реализирани се 2,3 милијарди денари или 28,5% од планираното. Трета најзначајна ставка со учество од 19,4% се капиталните расходи, за што потрошени се 2,2 милијарди денари или 28,2% од годишниот план.

Во периодот јануари – јуни 2017 година Министерството за внатрешни работи вкупно реализира 4,8 милијарди денари, што претставува 45,9% од сопствениот буџет за 2017 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 74,9%, за што се потрошени 3,6 милијарди денари или 50,0% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 13,9%, за што се реализирани 671 милион денари или 31,6% од годишниот план.

Во првите шест месеци од 2017 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој реализираше средства во износ од 4,7 милијарди денари, што претставува 54,1% од планираните средства за тековната година. Најзначајна расходна ставка претставува субвенции и трансфери (со учество од 84,2%), за што во анализираниот период се извршени 4,0 милијарди денари или 59,8% од планираното. Капиталните расходи учествуваат со 14,8% во вкупните расходи, за што во периодот јануари – јуни 2017 година се реализирани 696 милиони денари или 35,5% од годишниот план.

Министерство за одбрана во периодот јануари – јуни 2017 година изврши буџетски средства во износ од 2,6 милијарди денари, што е 41,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 67,5%, за што во првите шест месеци се реализирани 1,8 милијарди денари, што претставува 51,3% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 25,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 663 милиони денари, односно 47,6% од вкупно предвидените.

Министерство за здравство во првите шест месеци од годината реализираше буџетски средства во износ од 2,9 милијарди денари, што е 51,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 48,1%, за што во првите шест месеци потрошени се 1,4 милијарди денари или 59,4% од средствата наменети за 2017 година. Стоките и услугите се втора најзначајна ставка со учество од 30,5% во вкупните расходи, а во анализираниот период за оваа намена се потрошени 885 милиони денари, односно 46,5% од вкупно предвидените. Реализацијата на капиталните расходи (кои учествуваат со 19,7% во вкупните расходи) изнесува 47,0% односно извршени се 571

[1] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

милион денари.

Министерство за транспорт и врски во периодот јануари – јуни 2017 година реализираше средства во износ од 2,3 милијарди денари, што е 49,9% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 83,6%, а нивната реализација во првите шест месеци изнесува 50,8% односно извршени се 1,9 милијарди денари.

За Финансирање на дејностите од областа на културата[2] во периодот јануари – јуни 2017 година извршени се средства во износ од 2,2 милијарди денари, што е 54,7% од вкупниот буџет за 2017 година. Капиталните расходи имаат највисоко учество во вкупните расходи со 35,7%, а нивната реализација во првите шест месеци изнесува 63,7% односно извршени се 799 милиони денари. Субвенциите и трансферите учествуваат со 31,3%, а за оваа намена реализирани се 701 милион денари или 53,9% од планираното. За плати и надоместоци реализирани се 521 милион денари, што претставува 49,1% од вкупно предвидените средства за тековната година, а оваа ставка претставува 23,3% од вкупните расходи. *Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (http://www.finance.gov.mk/mk/node/693)*

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – јуни 2017 година во Буџетот на Република Македонија е остварен е дефицит од 8.306 милиони денари, што претставува 1,3% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 7.408 милиони денари и претставува 1,2% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Графикон 4.1. Преглед на невработени лица во АВРМ




Во периодот јануари – јуни 2017 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 92.116 нови засновани работни односи. Вкупниот број новоработени во овој период е понизок за 0,3% во однос на

2 Со финансирањето на дејностите од областа на културата се поддржуваат програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметнички манифестации, музејската и кинотечната дејност, меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти, организации од областа на културата, децентрализацијата на власта и поинтензивно реализирање на капиталните проекти.

истиот период 2016 година.

Графикон 4.2 Преглед на новите вработувања; Извор: АВРМ




Од вкупниот број нововработени, 42,0% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во јуни 2017 година 21,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 195.336, од кои 98.956 се активни баратели на работа, а 96.380 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 3,3%.

Графикон 4.3. Просечна нето плата (годишни промени, %); Извор: ДЗС




Најголем дел од невработените лица (66,3%) се градско население, а според половата структура 59,4% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 56,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,1% се со завршено средно образование, додека 14,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,1% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,6% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 9,5% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во мај 2017 година оствари годишен раст од 2,5%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (14,2%), Стручни, научни и технички

Графикон 4.4. Просечна исплатена месечна нето-плата по сектори на дејности (годишни промени, %)



дејности (5,8%) и Преработувачка индустрија (5,5%). Реалните плати во мај забележаа годишен раст од 1,3%.

Просечната номинална бруто-плата во мај 2017 година оствари годишен раст од 2,6%, а во однос на претходниот месец е повисока за 1,0%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Рударство и вадење камен (13,1%), Преработувачка индустрија (5,7%) и Стручни, научни и технички дејности (5,3%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 1,4%.

Процентот на вработени што не примиле плата во мај 2017 година изнесува 1,2% и е за 0,3 п.п. понизок во однос на истиот месец претходната година, а за 0,3 п.п. повисок во однос на април 2017 година.

## Пензии

Во јуни 2017 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 306.762 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.653 лица. Од вкупниот број пензионери, 62,9% се корисници на старосна пензија, 24,9% се корисници на семејна пензија и 12,2% се корисници на инвалидска пензија.

Просечната пензија во јуни 2017 година изнесува 13.853 денари и е за 5,7% повисока во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во мај 2017 година (последни расположливи податоци) изнесува 61,2%.

Просечната старосна пензија во јуни изнесува 15.173 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 12.569 денари, а просечната семејна пензија 11.145 денари. За исплата на пензиите во јуни 2017 година се потрошени 4.158,92 милиона денари, што претставува 52,5% од вкупните социјални трансфери.

Графикон 4.5 Вкупен број на пензионери и просечна исплата на пензии; Извор: ФПИОМ



# 5. МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во јуни 2017 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на 3,25%, откако претходно ја намали за 0,25 п.п. во февруари 2017 година. Ваквата реакција се должи на постојаното стабилизирање на очекувањата и на довербата на економските субјекти, како и на растот на структурната ликвидност на банкарскиот сектор.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.

## Примарни пари

Во јуни 2017 година, примарните пари[3] регистрираа раст од 5,1% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 10,1% и 0,2%, соодветно.

Графикон 5.1. Валутна структура на депозити и кредити во јуни 2017 година; Извор: НБРМ




На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 2,3%, како резултат на зголемувањето на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките за 2,7% и 1,9%, соодветно.

## Депозитен потенцијал

Во јуни 2017 година, вкупните депозити на банките регистрираа раст од 0,8% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија и депозитите на домаќинствата се зголемија за 0,3% и 1,2%, соодветно.

Графикон 5.2. Стапки на раст на депозити и кредити (м/м-12); Извор: НБРМ




Од аспект на валутата, во јуни 2017 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута за зголемија за 1,1%, а депозитите во странска валута регистрираа раст од 0,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јуни 2017 година оствари раст од 7,6% на годишна основа. Анализирано според

[3]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 9,2% и 5,3%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво депозитите на претпријатијата овој месец бележат раст од 10,1%, како и депозитите на домаќинствата кои се зголемија за 6,5%.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,4%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 7,3%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 58,8%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор; Извор: НБРМ

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2017 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **318.426** | **0,8%** | **7,6%** |
| Денари | *187.394* | 1,1% | 9,2% |
| Странска валута | *131.033* | 0,4% | 5,3% |
| Краткорочни | *150.337* | 0,6% | 3,4% |
| Долгорочни | *87.070* | 0,0% | 7,3% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **286.408** | **0,9%** | **4,4%** |
| Денари | 236.806 | 1,0% | 6,6% |
| Странска валута | 49.603 | 0,3% | -5,2% |
| Краткорочни | 62.158 | 1,1% | 1,0% |
| Долгорочни | 203.624 | 0,9% | 6,7% |
| Сомнителни и спорни побарувања | 19.120 | 0,0% | -6,8% |

## Кредити на банките

Во јуни 2017 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во јуни кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,9%, а кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, во јуни 2017 година, на месечно ниво денарските кредити регистрираа раст од 1,0%, а девизните кредити се зголемија за 0,3%.

На годишна основа, во јуни 2017 година вкупните кредити се зголемија за 4,4%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата за 9,5%, додека кредитите кон претпријатијата останаа непроменети. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,6%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 5,2%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 6,7%, а краткорочните кредити се зголемија за 1,0%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2017 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,0% и е непроменета во споредба со претходниот месец. Каматната стапка на денарските кредити изнесува 6,2% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец, а каматната стапка на девизните кредити остана непроменета на месечно ниво и изнесува 5,0%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во јуни изнесува 1,6% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити изнесува 2,2% и е непроменета во споредба со минатиот месец, додека каматната стапка на девизните депозити се намали за 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесува 0,8%.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во јуни 2017 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 33,9% на месечно ниво, како резултат на зголемувањето на прометот од блок трансакциите за 8,7 пати (873,5%), додека прометот од класичното тргување се намали за 20,5%.

Вкупниот промет на берзата во јуни 2017 година изнесува 418 милиони денари и истиот регистрира раст од 24,9% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во јуни 2017 година изнесува 2.282,34 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е зголемен за 1,0%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 33,7%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на јуни 2017 година изнесуваа 2.399,9 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалени за 48,6 милиони евра, додека во однос на јуни 2016 година зголемени се за 241,2 милиона евра.

Министерство за финансии
Сектор за макроекономска политика
„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје
http://www.finance.gov.mk/mk
http://www.finance.gov.mk/mk/node/693